# Извештај од престојот на проф. д-р А. Попоска во Универзитетската Клиника St. Luc во Брисел, Кралство Белгија

Од 12.09 до 14.10.2016


Cliniques universitaires
SAINT-LUC
UCL
BRUXELLES



- Универзитетските клиники St. Luc на Медицинскиот факултет Leuven и Louvain – La Neuf во Брисел, Кралство Белгија се болница на прогресот со
  - 5800 вработени,
  - 900 кревети стационар и
  - 2000 стажанти годишно
- Ги опфаќаат сите можни медицински и пратечки медицински дисциплини.

- Во 2014 година формиран е Клинички trial центар кој е со намена за професионализирање на организацијата и координацијата на биомедицинското истражување во институцијата покрај редовната рутинска практика.



AAHRPP®

Association for the Accreditation of Human Research Protection Programs, Inc.®

- St. Luc е прва болница во Европа што добива AAHRPP(Association for the Accreditation of Humanity and Research Protection Programs) акредитација, меѓународно признание дека ги следи стандардите на етиката и квалитетот на менаџментот во сите нивни активности.

- Постои Tele St. Luc – телевизиски синџир кој се обраќа директно на пациентите.
- Lucarne – информирачко списание за докторите во болницата. Овој билтен ги информира за проектите, остварувањата и настаните кои го чинат животот на клиниките; информации за медицински услуги, технички новости, истражувачки проекти.

# На 16ти октомври беше Portes ouvertes – отворен ден






- Сите нови алгоритми за дијагностика и третман на ретки болести се објавуваат по редослед.

- Менаџментот на клиниките е во фаза на формирање на Институт за ретки болести. Објективот е двоен:

  - да се одговори на новите европски директиви по ова горливо прашање и

  - особено за да се помогне на пациентите кои страдаат од некое ретко заболување или редок синдром (деца и возрасни).

- Предмет на интерес ми беа хередитарни и ретки заболувања на мускулоскелетниот систем или заболувања со консеквенци по МСК.
- Работата на ова поле е интердисциплинарна и макотрпна.
- Тимовите се формирани со многу грижа и внимание.
- Нашата тенденција е максимална контрибуција на формирање на ваков поглед кон патолошките ентитети кои се ретки, но не со помал интерес за нас.

- На 17ти Септември бев поканета како предавач на годишното собрание на Кралското здружение на ортопедите и трауматолозите кое се одржуваше во Гент и кое поради присутството на референтни професори од повеќе земји беше евалуантен подиум за специјализантите и специјалистите.